„ Со тројца луѓе — Аллах нема да им зборува на Судниот ден, нема да ги очисти и за нив ќе има болна казна

Селман ел-Фариси, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „ Со тројца луѓе — Аллах нема да им зборува на Судниот ден, нема да ги очисти и за нив ќе има болна казна: – старецот што врши блуд, – сиромавиот што се вообразил, – и човекот кој Аллаховото име го користи како средство за трговија – па не продава ништо освен со заклетва, и не купува ништо освен со заклетва.“

[رواه الطبراني] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил за три категории луѓе кои ќе бидат изложени на Аллаховата казна на Судниот ден со три вида на казна, доколку не се покајат или не им биде простено: 1. Аллах нема да им зборува на Судниот ден од силен гнев и ќе се одврати од нив или ќе им се обрати на начин што ќе ја открие Неговите лутина и гнев. 2. Нема да ги очисти — нема да ги пофали ниту да ги исчисти од нивните гревови. 3. Ќе ги снајде болна и тешка казна на Ахиретот. Овие тројца се: Првиот: старец кој паѓа во тешкиот грев на блудот. Вториот: сиромав човек кој не поседува имот, а сепак се однесува вообразено и надмено кон другите. Третиот: оној што постојано се колне во Аллах при купопродажба, оној што го понижува Аллаховото име и го користи како средство за стекнување имот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5952